Трајан ПАНЕВ

# НОВИТЕ ПРОЦЕСИ И ТЕНДЕНЦИИ НА РАЗВОЈОТ НА МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ НА ПРАГОТ НА XXI-ОТ ВЕК

Напоредно со процесот на трансформација на светското општество[1] и прераспределбата на вкупната моќ - особено на економската, политичката и воената (сфатена како способност да се влијае врз однесувањето на другите земји, а тоа значи и на меѓународните односи во саканата насока)[2], иако во зачеток, сепак доаѓаат до израз и други процеси и тенденции, условени од научно-технолошкиот развој и од сеопштата меѓузависност меѓу народите и државите, што во зависност од распоредот на социјалните сили и историските актери на развојот, ќе водат кон создавање на едно порационално, похумано лице на светското општество. По сè изгледа дека ваквите тенденции на глобален план ќе продолжат и во догледна иднина со оглед на фактот што сегашната епоха на плурализмот - епоха во која живееме, за разлика од претходната епоха на затворени општества, е многу поотворена и во себе носи различни процеси кои содржат можност за радикални промени, како во начинот на животот на човекот, така и во ориентацијата на земјите во насока на еволутивно изградување на еден нов систем на меѓународни политички и економски односи, но истовремено и процеси и тенденции на флуктуација и судири од различен вид, кои постојниот систем на меѓународни односи го прават осетлив и на мали внатрешни и надворешни импулси.

Оттаму, предмет на нашата опсервација ќе бидат сите оние процеси и тенденции кои ќе доминираат во меѓународните односи на крајот на 20-от и почетокот на 21-от век, а кои суштествено ќе влијаат и врз безбедноста и одбраната на државите.

---

1 За големата трансформација на светот и процесите кои таа ги отвори во насока на формирање на ново светско општество види пошироко кај М. Печујлиќ, З. Видаковиќ и В. Милиќ, „*Критичка теорија савременог друштва*", Завод за уџбенике и наставна средства, Београд, 1991, стр. 7-35.

2 За деконцентрацијата и прераспределбата на вкупната моќ во светот види пошироко во студијата „*Стратегиске одреднице и перспектива међународног положаја Југославије у свету коју се мења*" објавена во целост во: „*Преглед*", ЦСС, бр. 11/1988, Београд, 1989 год. и кај C.J. Нај, „Трансформација светске моћи (од Baumd to lead: The Changing Nature of American Power), „*Преглед*" (Амбасада САД у Београду, бр. 253/1991, стр. 2-7.

## 1. ПОВРЗУВАЊЕ НА СВЕТОТ КАКО РЕЛАТИВНО ЕДИНСТВЕНА И ОРГАНИЗИРАНА ЦЕЛИНА

Анализата на структурата на меѓународната заедница и нејзините битни карактеристики и процеси, што настанаа како последица на длабоките преобразби на светското стопанство, укажува на фактот дека целокупниот свет денес и покрај многубројните и повеќекратни разлики кои постојат од регион до регион, од земја до земја, сè повеќе се развива како релативно единствена целина. Во основата на ваквата тенденција лежи и зајакнатата свест на глобален план за нужноста и потребата за зголемена конструктивна улога и за важност на прашањето на развојот во најширока смисла на зборот, а особено, за унапредувањето на економијата, на техничко-технолошкиот процес, на социјалните и хуманитарните потреби и на човековата природна средина, што е од првостепено цивилизациско и општочовечко значење.

Развојот на производните сили, иако сè уште нерамномерно распределен, ги зафаќа сите земји на светот и закономерно води кон сè поголемо поврзување, интеграција и универзалност на светското општество. Некогашните изолирани и автархични општества, кои како оази во пустина беа одделени едни од други, сега постануваат поврзани со илјадници технолошки, економски, културни и политички врски. На секој човек, на секоја земја, им се достапни и најдалечните краиштата на нашата планета, така што секојдневно се сознава што и каде нешто се случува. Сите народи и луѓе во светот се длабоко заинтересирани за тоа, што и каде нешто настанува, бидејќи се работи за нивните витални интереси и судбини. Иако разликите сè уште се мошне нагласени и поделбите длабоки, на дело се и процесите што неминовно водат кон сеопшто поврзување на светот во насока на создавање на основни претпоставки за конституирање на светско општество, на светска заедница на луѓето, односно во насока на создавање на иднината која започнува.

Дури денес, на крајот на XX-от век, кога меѓусебните влијанија и меѓусебната зависност на народите и државите се евидентни, се покажува дека вкупните светски ресурси за материјално производство и еколошките услови на живот се заедничко добро на сите луѓе на нашата планета, без оглед на тоа кој повеќе и подобро ги искористува и нарушува.

Глобалните извори на загрозување - што истовремено го загрозуваат секој граѓанин, секоја земја и целата човекова заедница и екосистемот во целост - претставуваат опасност за човековиот род и за-

тоа пред секоја политичка заедница, пред секој нејзин член го поставуваат прашањето на глобалната безбедност и сигурност, како основно животно прашање и интерес и како барање за заедничко делување и решавање на проблемите. Поаѓајќи од овие сознанија луѓето, народите и државите, движењата и организациите од различна регионална, државно-правна, национална, идеолошка и друга припадност изразуваат готовност и преземаат конкретни акции и активности во рамките на глобалната стратегија на човековата заедница тие ресурси да се заштитат, да се зачуваат за идните поколенија, зашто се работи за заедничка иднини на сите луѓе и народи. Токму во тој факт, покрај другото, треба да се согледа и можноста за премавнување на оние поделби и противречности што доведуваат до судири и кризи од сите видови, а особено до војни како драстични општествени судири и сите форми на примена на насилство меѓу народите и државите што го оневозможуваат и забавуваат воспоставувањето на односи во општеството што ќе бидат примерени на луѓето и нивната среќа, а во рамките на светот, примерени на заедница на рамноправни народи.

Дали ќе триумфира орвеловското лице или, пак, рационалното и хуманото лице на светското општество, изразено во новата цивилизациска хармонија со природата, побезбедниот мир, поголемиот степен на еднаквост и поголемите права и слободи и политичкиот плурализам, не е предодредено и не може со сигурност да се предвиди. Тоа ќе зависи првенствено од способноста, подготвеноста и решеноста на социјалните сили, кои се наоѓаат на кормилото на светскиот развој, но и од тоа дали тие сили светското општество ќе го насочат во насока на изградба на стабилни и хумани заедници на луѓето или, пак, во насока на нестабилност и егоистички заедници. Меѓутоа, иако не може со сигурност да се претпостави во која насока ќе се развива светското општество, врз основа на досегашното однесување на силите кои решавачки влијаат на односите во меѓународната заедница, како и на нивниот стремеж и интерес за пацификација на судирите во определени стратегиски региони (Ирак, југословенската криза), сепак може да се насети дека традиционалната политика на настапување од позиција на вооружена сила, од позиција на закана со сила и употреба на сила, постанува сè помалку корисен и ефикасен инструмент во остварувањето на надворешно-политичките цели и интереси на државите и на определени национални ентитети. Заштитата на сопствената безбедност на секоја држава, сè повеќе ќе претставува разултат на нивната меѓусебна поврзаност.

## 2. МЕЃУЗАВИСНОСТА, СОРАБОТКАТА И ИНТЕГРАЦИЈАТА МЕЃУ ДРЖАВИТЕ - ОСНОВНА ОРИЕНТАЦИЈА НА НОВИОТ РАЗВОЈ

Меѓузависноста и интензивната соработка меѓу државите на регионален и глобален план во сите оние области кои овозможуваат стопански просперитет и побогат општествен развој ќе претставува основна определба и ориентација на новиот развој. Развојот на производствените сили објективно условува дека надвор од тој контекст нема опстанок за никого, за ниедна држава. Во таа смисла може да се потврди дека интегративните процеси, пред сè, во економската, технолошката и информативната сфера на светски план и нараснатата свест на секоја држава и на секој народ за судбинската поврзаност со другите народи и држави, се објективна основа за премавнување на политиката од позиција на сила и војната како нејзин драстичен облик и израз. Меѓутоа, не треба да се биде претерано оптимист, па да се заклучи дека со самиот тој факт однапред е елиминирана секоја можност на конфронтации и поделби, па и односи на доминација и потчинување. Дали ќе доаѓа до израз едната или другата тенденција, покрај другото, ќе зависи и од реалните односи на политичките сили, чие однесување на светската политичка сцена секогаш е лимитирано од сопствените интереси.

Иако реалната состојба во светот, а особено во Европа, е таква што нема место за претеран оптимизам, зашто сè уште се присутни мошне длабоки поделби и противречности кои мошне често се артикулираат како кризи и отворени судири, сепак, може да се насети дека соработката на глобален и европски план е природна тенденција и планетарена појава. На тој и таквиот развој, основен печат му даваат интеграционите процеси кои императивно се наметнуваат со логиката на развојот на производствените сили, технологијата, информатиката и на сите други комуникации што тие ги овозможуваат меѓу народите и државите.

Остварувањето на овие процеси во меѓународните односи суштествено ќе влијае врз меѓународниот мир и безбедноста, а во тие рамки и врз безбедноста и одбраната на сите држави. Таа ќе создава услови и претпоставки за надминување на конфронтацијата како модел на однесување меѓу народите и државите, а од друга страна ќе отвора огромни можности на комуникација и соработка на многубројните невладини организации и движења кои, залагајќи се за конструктивен пристап во решавањето на напластените егзистенцијални глобални проблеми и на проблемите меѓу државите во сите области на човеко-

вото живеење, ќе доведуваат до нараснување на мировните сили и зајакнување на нивното влијание врз меѓународното јавно мислење. Со тоа, овие сили, иако ја немаат онаа моќ на одлучување која ја имаат државните и меѓудржавните регионални и светски организации и институции, претставуваат незаобиколен и важен фактор во односите меѓу силите на војната и силите на мирот.

### 3. ДЕЗИНТЕГРАЦИОНИТЕ ПРОЦЕСИ, СОЗДАВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИ ДРЖАВИ И ЕРУПЦИЈА НА НАЦИОНАЛИЗМОТ КАКО РЕГРЕСИВНА ИДЕОЛОГИЈА

И покрај сè поголемото значење на процесот на меѓузависност, соработка и интеграција, како објективен израз на нараснатите производствени сили, во современиот свет не само што сè уште трае туку и се зајакнува процесот на етничката самосвест и силните стремежи за потврдување на самобитноста и националниот идентитет и за создавање на нови одделни држави, како и стремежите кај голем број на етнички групи и национални малцинства во Европа и светот за реализирање на сопствените сепаратистичко-партикуларистички интереси. Овој процес не е својствен само за подрачјата од Источна Европа, од бившиот СССР и од бившата СФРЈ, во кои по распаѓањето на „реалсоцијалистичкиот" систем се формираа многу посебни еднонационални држави, туку и за високоразвиените и развиените земји и подрачја на Западна Европа.

Се сметаше дека процесот на формирање на нации и национални држави, карактеристичен за периодот на XIX-от век веќе е историски завршен. Меѓутоа, објективниот историски процес потврди дека создавањето на одделни национални држави и национализмот како релевантен политички фактор, дури и на прагот на XXI-от век се појавува како феномен кој мошне битно влијае на обликувањето на односите во современата развиена Европа и во другите делови на светот, загрозувајќи ја притоа вкупната безбедност и интегритетот на секоја држава. Етничките судири и национализмот во Западна Европа, главно, се манифестира преку терористички активности на разни национално-политички групи и движења (Северна Ирска и Баскија). Во поново време, напоредно со националистичкото однесување кое ги зафати просторите на источно-европските земји, на бившиот СССР, а особено на владите на овој регион, добива и многу сериозни политич-

ки обележја и амбиции. Тие процеси особено се изразени на југот на Европа - во Шпанија, во Франција и во Италија, но се присутни и на другите простори на Западна Европа.

Етничките групи и националните малцинства од овие простори инсистираат на признавањето на правото на самоопределување и почитување на нивните национални и етнички посебности - специфичности, поставувајќи притоа отворени барања нивните региони да добијат посебен статус во рамките на постојните држави или пак, да се одвојат од нив како самостојни држави.[3] Така, баскиското националистичко движење ЕТА, сè поизразено настојува Баскија политички и територијално да ја одвои од Шпанија. Слично се случува со Корзика во Франција и Сардинија во Италија. На територијата на Белгија веќе подолго време тлее меѓунационалната нетрпеливост помеѓу Фламанците и Валонците. Велика Британија со силата на оружјето веќе три децении ја одржува во својот состав Северна Ирска, а слична дезинтеграција се заканува и од страна на Шкотска и Велс.

Со проблемот на осамостојувањето на определени региони се соочува и Италија, како што е случај со покраината Алто Атице (населена со мнозинско население од германската националност - Австријци), потоа сепаратните стремежи на Ломбардија, што опасно ја загрозуваат територијалната целокупност на Италија како држава. Практично, ретки се државите во современа Западна Европа кои немаат сопствени националистички проблеми. Според истражувањата на Е. Ј. Хобсбаум,[4] во Западна Европа има 42 регионални движења кои бараат да се дозволи самоопределување на некои области, додека во светот дејствуваат повеќе од 600 такви сецесионистички движења, што, ако им се дозволи да го искористат правото на самоопределување до отцепување, би можело да отвори простор за такво намножување на голем број на мали еднонационални држави, чии последици би биле атомизација и фрагментизација на светското општество[5]. Тоа, од своја страна би довело до нараснување на националните тензии и социјалните напнатости, па и до судири што тешко ќе можат да се контролираат и санираат.

3 Од масовно создавање и уште помасовни обиди за создавање на нови национални држави од страна на етничките групи, по пат на сепарација, по мирен пат или со сила види пошироко кај Д. Симеуновић „Настанак и профилирање нових националних држава као последица успостављања „новог светскот поретка“, *Војно дело*, Бр. 1-2/1993, стр. 113-120.

4 E. J. Hobsbaum, *Nacions and Nationalism Since 1780* (Cambridge Univ., Press, Cambridge, 1990) The Times, *Европски етнички демони*, „Танјуг Прес“ - црвени билтен, избор из штампе, агенција и радиостаница, бр. 135, Београд, од 15 јули, 1989, стр. 2.

5 Е. Ј. Хобсбаум, истото дело.

Она што го обележува современиот политички миг и односите во Европа и што претставува главна пречка на новиот политички и безбедносен поредок во Европа е фактот дека овие процеси и тенденции на зајакнување на етничката самосвест и потврдувањето на самобитноста на нациите и националниот идентитет на просторите на бившиот СССР, Источна Европа и бивша СФРЈ, доведува до устоличување на национализмот како главна политичка идеологија. И додека на Запад постои некакво „контролирање“ на национализмите, на Истокот на континентот и на Балканот доаѓа до израз обратен процес: ерупција на национализмот и тоа со изразито конзервативни, регресивни и деструктивни содржини и видови. Секако, национализмот во овие општества на бившите тоталитарни режими избувна и како реакција на политичкиот монолитизам, кој систематски и во еден долг временски период ги потисна идентитетот, историјата и културата, верата и стремежите на одделните нации и национални малцинства. Меѓутоа, наместо граѓанска, национална и верска толеранција, реакцијата премина во друга крајност: во ирационална национална омраза, митоманија и клерикализација на јавниот живот, во верски војни маскирани со национално - етничко руво.

Во земјите на источниот свет и во новоформираните држави од бившиот СССР и поранешна Југославија, кои својот изгубен државен идентитет и суверенитет повторно го воспоставија со многу потреси, а некои и со војни, во однос на сувереноста на нациите се поставува и до крајни граници се заострува и проблемот на националните малцинства. На таа основа, во најголем број од овие држави најчесто се создаваат ситуации на внатрешни социјални напнатости и национални тензии, каде што се враќаат сите чувства од минатото. Поради многу причини таквите судири добиваат облици на изразита бруталност. Ако се има предвид и фактот дека се работи за земји кои се наоѓаат во тешка економска криза, не смее да се изгуби од предвид фактот дека тие можат да западнат во такви судири кои тешко можат да се контролираат и кои би можеле да се прошират и на цела Европа. Мошне впечатлив пример во таа смисла е бивша Југославија и крвавата граѓанска војна која се води на нејзиното тло веќе повеќе од една и пол година и чие политичко решавање не се гледа.

Во едни такви услови разорниот национализам и етничките конфликти добиваат три опасни форми кои претставуваат само различни аспекти на процесот на распаѓањето на повеќенационалните општества и создавањето на нови суверени држави: а) осамостојување преку ноќ или прогласување на самонаречени „држави“ проследено со вое-

ружени судири; б) борба за етнички чисти територии и в) сонот за обновување на старите величини, односно создавање на големи држави. Со нова жестина меѓу новосоздадените држави избиваат старите спорови околу границите, кои најчесто претставуваат вовед во граѓанска војна и либанизација, што е толку карактеристично за балканските простори.

Она што посебно загрижува е фактот дека кај голем број држави вчудовидувачка е и мерката за неспособност за рационалните плуралистички форми на живот, за единство во разлики, за мир и толеранција, иако сите се повикуваат на тие вредности. Така и старата ракрана на Источна Европа и на Балканот - национализмот, претставува централна пречка на новиот поредок. Речиси целата социјална енергија на општеството (државите), неопходна за нов скок и вклучување во процесите што водат кон просперитет, развој и интеграција, се топи во пламенот на националните страсти, меѓусебната недоверба и гола та борба за власт.

Од вакви тенденции и процеси не е имуна и нашата Република, иако таа со својата конструктивна и миротубива политика на внатрешен и на надворешен план, а особено со политиката на градењето на добри меѓунационални односи и сожителсто меѓу македонскиот народ и албанската и другите националности, успеа да остане настрана од југословенскиот судир и по легитимен и миротубив пат да ја оствари својата независност и да постане фактор на стабилноста на Балканот. Тоа не значи дека, на долги патеки гледано, опасноста за мирот, безбедноста и интегритетот на Република Македонија се надминати. Напротив, сега, и по нашето меѓународно признавање, се соочуваме со огромни внатрешни проблеми, но и со опасности од надвор, од чие успешно решавање ќе зависи и нашиот развој и опстанок.

Сето ова упатува на фактот дека беа преуранети оценките за премавнување на концептот на држава - нација и национализмот како феномен на XIX-от век. Овој феномен, по сè изгледа, ќе биде уште долго присутен и во наредниот период и ќе претставува фактор за разгорување на нови кризни жаришта во Европа и светот и перманентно ќе ги оптоварува односите во меѓународната заедница.

Земено во целост, феноменот на национализмот во современиот свет според својата содржина и карактер е повеќеслоен и повеќедимензионален, затоа што секогаш е определен од мошне специфични историски, политички и економско-социјални услови во дадената средина, содржувајќи ги често пати и елементите на ирационалноста и митоманијата. Поточно, национализмот често се испреплету-

ва со идеолошката и религиозната милитантност и фанатизмот, што најчесто ја зголемува неговата ирационалност како социјален и политички фактор и го зголемува неговиот краен и негативен - деструктувен ефект. Кога сето ова го имаме како факт, очигледно е дека меѓузависноста меѓу земјите во светот треба да се сфати како тенденција и како евидентен историски процес кон кој светот треба да се стреми, а не како докрај постигната состојба. На европски план, особено во неговиот источен дел и на Балканот оваа рак-рана може да постане и централна бариера на новата еволуција, дотолку повеќе што европските општества претставуваат жив етнички мозаик во кој, покрај тенденциите за интеграција, доаѓаат до израз и силни тенденции на дезинтеграција и фрагментација што ги будат старите и создаваат нови антагонизми.

## 4. ПРОЦЕСОТ НА ИНСТИТУЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА ОДНОСИТЕ ВО МЕЃУНАРОДНАТА ЗАЕДНИЦА И РЕАФИРМАЦИЈА НА УЛОГАТА НА ООН

Заострувањето на егзистенцијалните прашања и проблеми на човештвото, како што се развојот, проблемот на мирот и безбедноста, објективно бараат заеднички пристап и ги упатуваат државите на поимање на светот како меѓузависна целина. Двете глобално спротиставени тенденции - делбите и фрагментацијата, па и своевидното економско затворање, на една страна, а процесот на обединување и интеграција на светот, на друга страна, нужно, непрекинато и забрзано доведуваат кон сè поголема институционализација на односите во меѓународната заедница. Во рамките на овој процес голем број на држави во светот, иако секоја за себе претставува глобално општество во мало, водени од своите заеднички интереси цврсто се поврзуваат на регионален план преку различни начини и на разни основи во сојузи, организации и заедници од наднационален и меѓудржавен карактер. Многу држави што еволуираат од поединечните (националните), кон заедничките и единствените цели и интереси, пренесуваат врз институциите на овие организации и заедници и дел од својот државен суверенитет, каков што е случајот со државите од Западна Европа и во рамките на ЕЕЗ.

Во новонастанатите услови, особено по бурните настани и промени во Источна Европа, вакви процеси течат не само на поширокиот европски простор но и на другите простори во светот. Постојано се шири бројот на разни сојузи, унии, организации и заедници што наста-

нуваат врз основа на економскиот критериум на поврзување, иако тој никогаш не оди во чист вид туку се меша со другите критериуми, особено политичките. Такви институции од регионален карактер се создаваат и на просторите на Северна Америка, Латинска Америка, Далечниот Исток, односно на пацифичкиот, африканскиот и другите региони. Цврстото поврзување на повеќе субјекти на регионален план претставува меѓуфаза на можното постепено поврзување и во пошироки светски рамки.

Сето тоа зборува дека процесот на интеграција на светот, како императивен и закономерен процес се забрзува, иако засега сè уште тој е поизразен на регионален, отколку на планетарен план, што е и разбирливо ако се има предвид закономерноста во постапноста и неизбежната противречност на сите глобални процеси. Во овој контекст воспоставувањето на регионализмот не мора да значи негација на глобализмот, туку само определен вид на одбрана од него, или негова процесна функција, или обете истовремено.[6]

Многубројните меѓународни организации, сојузи и други здруженија израснуваат во значајни субјекти на меѓународните односи, и имаат суштествено влијание, во позитивна или негативна смисла, како врз тековите, процесите и односите во современата светска заедница, така и врз прашањата на мирот и војната во светот.

Од сите формирани меѓународни организации, особено место и значење за решавањето на проблемите во светот има Организацијата на Обединетите нации. Како израз на колективната меѓународна волја, таа се потврдува како незаобиколен фактор на меѓународната заедница, затоа што врши позитивно влијание на тековите и процесите во неа. Организацијата на ОН, иако во текот на повеќе од пет децении не успеа да обезбеди висок степен на ефикасност во зачувувањето на мирот и безбедноста на сите меридијани во светот, затоа што беше дезавуирана и заобиколувана од страна на суперсилите, сепак со своето делување беше и останува силна потпирачка на мирољубивите сили на светот, во нивното настојување да ја елиминираат војната како модел на однесување меѓу народите и државите и како начин на разрешување на спротивностите меѓу нив. Меѓутоа, големи промени во делувањето на ОН дојдоа до израз по првите средби на лидерите на суперсилите - Горбачов и Реган во Женева во 1985 година. Средбите помеѓу највисоките државни претставници на САД и Русија, што стана практика по распаѓањето на СССР, како и нивните заложби за решавање на сите регионални кризи по мирен пат, имаа позитивно дејство

6 Р. Петковиќ, „Непознанице новог светског поретка“, *Војно дело*, 4-5/1991, стр. 139-146.

на зголеменото ангажирање на ОН во разрешувањето на натрупаните проблеми на меѓународната заедница.[7]

Кризата во Персискиот Залив, предизвикана од ирачката окупација и анексијата на Кувајт, покажа дека ООН се наоѓа на патот на препородот и реафирмацијата. Прв пат откако постојат Обединетите нации, Советот за безбедност почна да делува онака како што го беа замислиле творците на Повелбата на ОН - во согласност со нејзиниот дух и принципи. Во врска со ирачката агресија и нејзините последици, Советот за безбедност донесе повеќе значајни резолуции и тоа едногласно, што беше незмисливо во ерата на студената војна, кога меѓу неговите постојани членки секогаш се наоѓаа една или повеќе од нив кои со ставање на вето го попречуваа преземањето на акции против агресорот. Сè уште е живо сеќавањето за долгогодишната ирачко-иранска војна, кога Советот за безбедност немо ја следеше, немајќи можност притоа дури ни да утврди кој е агресорот, а која е жртвата на агресијата, иако тоа спаѓа во една од неговите елементарни обврски и должности. Меѓутоа, во кризата во Заливот тој не само што едногласно го осуди носителот на агресијата и побара обновување на независноста и територијалниот интегритет на Кувајт, туку изгласа, а и во дело ги спроведе, економските и воените санкции против Ирак. И во однос на кризата во бивша Југославија, која ги загрозува меѓународниот мир и безбедноста, Советот за безбедност, барем засега, се однесува едногласно, применувајќи ги сите постојни механизми на ОН за запирање на војната во Босна и Херцеговина. Сето ова дава надеж дека сите кризни жаришта во светот, што постојат или што ќе се појават, кои ги загрозуваат или ќе ги загрозат светскиот мир и безбедноста ќе се разрешуваат, или барем ќе се прават напори за нивно разрешување, во рамките и со помошта на светската организација и нејзиниот систем на колективна безбедност. Она што посебно ја реафирмира улогата на ОН и духот на нејзината Повелба, секако, е фактот што почна целосно да се применува главата VII од Повелбата, односно оној нејзин дел кој претставува срж на колективната безбедност, односно користењето на правото на колективната одбрана, односно правото на воена интервенција против агресорот кое, после војната во Заливот и подготвеноста да се интервенира и во Босна и Херцеговина, де факто се легализира во меѓународните односи.[8]

Промените што дојдоа до израз во меѓународната заедница, што се детерминирани, пред сè, од кризите што настанаа на просторите на Источна Европа и бившиот СССР, а особено на просторите на пора-

7 Исто, стр. 153-155.

8 О. Потежица, Залив после рата, *Војно дело*, бр. 4-5/1991, стр. 240-242.

нешна Југославија, го изменија пристапот и делувањето на ООН, и на Советот за безбедност и во однос на проблематиката на кршењето на човековите и националните права. Сè поприсутна е тенденцијата, што веќе станува реалност, внатрешните националистички и етнички судири, што можат да ја загрозат безбедноста во определени региони и во светски рамки, да не се третираат повеќе само како внатрешни проблеми и прашања на една земја, туку како акутен меѓународен проблем. Сето ова недвосмислено упатува на заклучокот дека, времето на апсолутниот суверенитет на државите сè повеќе одминува и дека патот што закономерно води кон сè поинтензивна трговија, меѓусебна комуникација, интеграција и заштита на животната средина, сè повеќе се прифаќа како начин на однесување на меѓународните субјекти. Суверенитетот на државите сè повеќе се стеснува и ограничува. Ваквата нова тенденција во делувањето на ООН, изразена, пред сè, во „обврската на мешање" во внатрешните работи на определени држави, по сè изгледа, ќе биде долгорочна перспектива. Зголемената делотворност и ефикасноста на ООН особено се огледа во фактот што ветото во Советот за безбедност воопшто не се применува, туку проблемите се решаваат со консензус. [9]

Во последно време, во разни региони на светот, е сè поприсутен стремежот за масовно користење на сецесијата на одделни делови од веќе формираните и меѓународно признати државни заедници. Тоа може да го загрози веќе достигнатиот степен на интеграција на меѓународната заедница, а со тоа и светскиот мир и безбедноста. Да би се избегнале конфликтите што врз таа основа можат да настанат и кои можат да се претворат во вооружени судири од пошироки размери, Советот за безбедност, Генералниот секретар и Генералното собрание на ОН сè повеќе ја применуваат и зајакнуваат превентивната дипломатија, настојуваат да се одржува мирот со помош на разни мировни операции и се грижат за послевоено градење на мирот. Овој метод на зацврстување на безбедноста засега се остварува со посредство на Генералниот секретар и неговите лични претеници, како и со највисоките функционери на ОН и другите специјализирани организации и форуми на ОН.

Превентивната дипломатија, што сè повеќе се применува, во себе вклучува и мерки за зајакнување на меѓусебната доверба меѓу државите и народите. Особено тоа се применува во спорот помеѓу Македонија и Грција. Нејзината примена се состои и во формирање на ре-

9 Р. Петковиќ, Унутрашњи сукоби и санкције Уједињених нација, *Војно дело*, бр. 1/1998, стр. 15-17.

гионални центри за смалување на ризиците, во надгледување на границите, во создавање на механизам за претходно предупредување од можно избивање на кризи, а особено во превентивен распоред на мировните сили, во создавање на демилитаризирани и безбедносни зони, како и во давање на хуманитарна помош и други методи на делување што се во функција на превенирање и оневозможување на конфликтите.

## SUMMARY

Trajan PANEV

**THE NEW PROCESSES AND TENDENCIES OF DEVELOPMENT OF THE INTERNATIONAL RELATIONSHIP AT THE BEGINNING OF THE XXI CENTURY**

The changes, processes and tendencies of development of international relations which in last decade of this century were opened by pluralism, scientific and technological revolution, integration and general mutual dependence between nations an states on one side, and the processes and tendencies of disintegration, flucation, conflicts and divisions, specially of ethnical origin (which are very common) on the other side, according their intensity, direction and meaning are radical and at the same time contradictory in their expression and realization. They ruin old and create new illusions and barriers. All of them have great significance in formation of international relations, international peace and security and also on the place, security and development of each society and the solving of the historical drama which is going on in front of our eyes will depend upon them.

Whether the world steps out in a new era of building of one more rich, more rational and mor human and sager society, which will enable equal development and security for all states, regardless of the fact that they are small or big, or greater part of the societies will enter greater economic stagnation, collapse of economy and poverty, all that accompanied by collisions and wars, the time will show up. But one is certain. It will nat depend upon the distribution of social powers globally, but upon the possibilities and the level of exploitation of world leading forces of development (science and technology), forces that will shape up all the contemporary societies today.